


**ИСЕЛЕНИЧКАТА ФОНДАЦИЈА „ПЕТАР СТАМАТОВ“ НА УКИМ**

***Петар Стаматов копнеел да го посети родното Смилево, своите роднини и слободниот дел на македонската држава. Таа негова желба првпат ја реализирал во 1962 година. Тогаш тој и неговата сопруга Јажа за прв пат, по 48 години минати***

***во САД, дошле во Македонија. Неописива била радоста на Петар кога ја допрел македонската земја. Ги посетиле своите роднини во Битола, Прилеп и на други места, но ја прокрстариле и цела Македонија. Ги виделе новите постигнувања во македонската држава, Ја виделе Македонија преродена и подмладена, како со брзи чекори оди напред, кон посветла иднина.***

Петар Стаматов, заедно со својата сопруга Јажа, дошол петпати во Македонија. Последното негово доаѓање било во 1976 година. Сите тие доаѓања во родната земја помогнале кај Петар да направи нешто со што ќе може, на некој начин, да ѝ помогне на татковината, на својот народ. Така, по примерот на големиот донатор Атанас Близнаков, и кај него се родила иницијативата за основање  фондација за помагање на талентирани студенти на универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Кај Петар Стаматов секогаш тлеела донаторката љубов и големата хуманост кон луѓето, кон посреќната иднина на човештвото. Тој ги помагал активностите на Македонците, но и на другите во Чикаго. Исто така ги помагал и своите роднини во Македонија. Донирал поголема сума пари за списанието “Македонија” кое беше орган на Матицата на иселениците од Македонија и преку кое, всушност, се запознал со фондацијата на Атанас Близнаков. Станал голем читател и вљубеник во списание “Македонија”.

Фондот ,,Петар Стаматов” при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје за стипендирање студенти кои покажуваат особени резултати во студирањето е формиран со одлука на Унуверзитетскиот сеовет, донесена на 228-та седница одржана на 01.04.1988 година, на писмено барање на нашиот сонародник Петар Стаматов, со почетен капитал од 250.000,00 американски долари.

Петар Стаматов целиот свој животен век го поминал во градот Илиноис, САД, но врските со својата родна Македонија никогаш не ги прекинал. Неколкупати ја посетил Македонија. По основањето на Фондот ,, Петар Стаматов” при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” од Скопје, Управата на Универзитетот го поканувала да го посети истиот. Длабоката старост беше причина што со жалење ја одбиваше поканата.




Петар Стаматов почина на 28 јануари 1995 година.




[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**